10.02.23
К. Велич.
Танап.

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Примено/E pranua 10.02.2023

| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | | |
|---|---|---|---|
| 03 | 218/1 | | |

регионална телевизија ТВМ

tel. + 389 46 231 400
e_mail: contact @ tvm.mk www. tvm.mk

**НУ Завод за заштита на споменици и Музеј - Охрид**

Предмет : Барање информација

Почитувани,

За потребите на Регионална Телевизија ТВМ, а во врска со допис од граѓани до информативната редакција со наводи за бесправно градење во непосредна близина на Самоилова тврдина, Ве замолуваме за информација:

Дали до НУ Завод за заштита на споменици и Музеј - Охрид

е пристигната пријава од граѓани и/или овластен инспектор за нелегално градење на катастарска парцела бр.15805/1 во КО Охрид3, во близина на Самоиловата тврдина?

Дали е постапено по пријавата, што е констатирано и преземено?

Дали НУ Завод за заштита на споменици и Музеј – Охрид има издадено согласност за изведување градежни зафати на локацијата ?

Однапред Ви благодариме за соработката.

Со почит,

Информативна редакција
Регионална телевизија ТВМ

10.02.2023 г. Охрид

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Во акта - Арх. знак:
Рок на чување:

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;
е-маил: зимохрид@јахоо.цом, жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 13-218/2
13.02.2023
Охрид/Ohër

**До**
**Информативна редакција**
**Регионална телевизија ТВМ**
**(contact@tvm.mk)**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување информации
**ВРСКА:** Барање информации (наш бр.03-218/1 од 10.02.2023 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, по електронски пат доставено е Барање информација (наш бр. 03-218/1 од 10.02.2023 година) од страна на Информативната редакција на Регионалната телевизија ТВМ, а во врска со допис од граѓани со наводи за бесправно градење во непосредна близина на Самуиловата тврдина. Во горенаведеното барање информација се интересирате за следното:

1. Дали до НУ Завод за заштита на спомениците и Музеј – Охрид е пристигната пријава од граѓани и/или овластен инспектор за нелегално градење на катастарска парцела бр. 15805/1 во КО Охрид 3, во близина на Самуиловата тврдина?

2. Дали е постапено по пријавата, што е констатирано и преземено?

3. Дали НУ Завод и Музеј – Охрид има издадено согласност за изведување градежни зафати на локацијата?

НУ Завод и Музеј – Охрид го разгледа доставеното Барање информација и Ви ги доставува следните информации:

1. Со писмено барање за инспекциски надзор за нелегална градба во тек на градба на предметна парцела К.П. 15805/1 К.О. Охрид 3 со Имотен лист бр. 103434 лицето Иванка Горгијеска се обратила до Општинскиот градежен инспекторат од општина Охрид на 06.02.2023 година, а со цел вршење на увид на дива градба на ул. Кузман Капидан бр. 94 на К.П. 15805/1 К.О. Охрид 3 и доставување на информација од преземените активности. Со оглед на тоа што градбата спаѓа во прва категорија на градба и не е во надлежност на Општинскиот градежен инспекторат од општина Охрид, писмено барање од Иванка Горгијеска во оригинал е доставено до НУ Завод и Музеј – Охрид од страна на Општинскиот градежен инспекторат од општина Охрид, на наше понатамошно постапување - ИП бр. 36-84 од 09.02.2023 година (наш бр. 03-138/6 од 10.02.2023 година).

2. Во насока на постапување по барањето на Иванка Горгијевска, НУ завод и Музеј – Охрид веќе имаше постапено согласно своите надлежности, а Иванка Горгијеска ја извести за следното:

Врз основа на Решение за увид бр. 02-138/1 од 27.01.2023 год. од страна на стручни лица - археолози на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и

Музеј - Охрид направен е увид на КП 15805/1 КО Охрид 3, општина Охрид на ул. Кузман Капидан.

При извршениот увид е утврдено дека на предметната парцела е започнато со вршење на земјени работи со механизација, без запазување на пропишаните законски процедури и кои во текот на увидот беа стопирани од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, а воедно беше информиран и сопственикот дека треба да престане со сите активности преземени на предметната парцела. За затекната состојба на предметната парцела изработен е Извештај од извршен увид на КП 15805/1, КО Охрид 3 општина Охрид бр. 09-138/2 од 27.01.2023 година и истиот е доставен до Управата за заштита на културно наследство - Скопје со цел постапување согласно нивните надлежности.

И покрај тоа што сопственикот беше информиран за прекинување на сите активности, истите беа продолжени со изведба на темелни стопи, шаловање на потпорен ѕид и слободностоечки столбови како и бетонирање на истите. Повторно стручно лице - дипл. инж. арх. направи увид на изведените градежни активности и констатира дека сите градежни активности се изведени без обезбедување на соодветна техничка документација и соодветно конзерваторско одобрение. За горенаведеното повторно се изработи Извештај од извршен увид при изведување на бесправна градба на КП 15805/1, КО Охрид 3 општина Охрид бр. 13-138/4 од 03.02.2023 година и истиот повторно се испрати од наша страна до Управата за заштита на културно наследство - Скопје како надлежна институција на нејзино понатамошно постапување.

Врз основа на добиените извештаи инспектори од Управата за заштита на културно наследство – Скопје извршија увид на лице место на бесправните градежни активности, констатираа дека истите се изведуваат без соодветна потребна документација (техничка документација - проект и Конзерваторско одобрение). На сопственикот му беше наложено теренот да го врати во првобитна состојба во рок од 5 дена по добивањето на Решението изготвено од страна на инспекциската служба при Управата за заштита на културно наследство, во спротивно ќе бидат поднесени соодветни кривични пријави до надлежните институции.

Во прилог Ви ја доставуваме информацијата бр. 13-138/7 од 10.02.2023 година.

3. НУ Завод и Музеј – Охрид нема издадено согласност за изведување градежни зафати на локацијата.

Со почит,

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Тања Паскали Бунташеска
диа, конзерватор – советник

в.д. Директор,
Катерина Велковска